# ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4782.**

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 41/14, 72/15 и 148/15), директорот на Државниот архив на Република Македонија донесе

## ТАРИФНИК
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ НАПЛАЌА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој тарифник се определува висината на надоместоците што ги наплаќа Државниот архив на Република Македонија (во натамошниот текст: Државниот архив).

Член 2

За надоместоци за организирање стручно усовршување и оспособување на работниците кои работат на канцелариски и архивски работи кај имателите, Државниот архив наплаќа котизација и тоа:

- За еден учесник на обуката од имателот - 3.000,00 денари.
- За секој нареден учесник на обуката од ист имател - 2.000, денари.
- За стручно - методолошки материјал во печатена или електронска форма по имател – 2.000,00 денари

Член 3

За надоместоци за давање на консултантски услуги на имателите во поглед на одбирањето, средувањето, евидентирањето, заштитата, чувањето, користењето, автоматската обработка на податоците и слично на архивскиот и документарниот материјал, Државниот архив наплаќа за:

- Консултација за начинот на одбирање, средување и евидентирање на архивски материјал и уништување на документарен материјал - 5 000,00 денари,
- Консултација за заштита и чување на архивски и документарен материјал - 3.000,oo денари,
- Консултација за автоматска обработка на податоците во канцелариското и архивското работење - 4.000,00 денари.

Член 4

За надоместоци за одбирање, средување, обработка, и изготвување на аналитички или сумарен опис и попис на јавен и приватен архивски материјал, издвојување на документарен материјал за уништување и други услуги во врска со архивскиот и документарниот материјал кај имателите на јавен или приватен архивски и документарен материјал, Државниот архив наплаќа за:

- Одбирање на архивски материјал со изработка на опис и попис, средување, обработка, издвојување на документарниот материјал на кој му изминале роковите за чување заради негово уништување со изработка на попис, во хартиена или електронска форма, за архивска кутија /класер...................................1.200,00 ден.

- Одбирање на архивски од документарен материјал со изработка на опис и попис, во печатена или електронска форма, за архивска кутија/класер.........700,00 ден.

- Издвојување на документарен материјал на кој му изминале роковите за чување заради негово уништување со изработка на попис, во хартиена или електронска форма, за архивска кутија/класер..................600,00 ден.

- Евидентирање на архивскиот и документарниот материјал по предмет/документ за:

а) аналитички опис и попис.......................120,00 ден.

б) сумарно-аналитички опис.....................80,00 ден.

в) сумарен попис.........................................60,00 ден.

Доколку обемот на работата е зголемен, потребен е поголем број на ангажирани стручни лица или е потребно повеќе време за реализација на работата висината на надоместоците предвидени во овој член може да се зголеми до 30 %.

Доколку обемот на работата е намален, потребен е помал број на ангажирани стручни лица или е потребно помалку време за реализација на работата висината на надоместоците предвидени во овој член може да се намали до 30%.

Член 5

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-2760/1
2 септември 2015 година
Скопје

Државен архив на Република Македонија
Директор,
д-р **Филип Петровски**, с.р.